Врз основа на член 13, став (1) од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18) и член 5, став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци за други услуги на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година и бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година Државниот испитен центар Скопје распишува

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за избор на надворешни соработници за спроведување на државното тестирање по предметите македонски јазик, албански јазик и математика за учениците од третото одделение во основните училишта**

**I. Државниот испитен центар Скопје распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници за спроведување на државното тестирање по предметите македонски јазик, албански јазик и математика за учениците од третото одделение во основните училишта и тоа:**

**1. Надворешни соработници - членови на предметната работна група за државното тестирање по предметот македонски јазик:**

- еден член од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија;
- 8 (осум) члена од редот на наставниците-практичари кои изведуваат одделенска настава во основните училишта;
- 2 (два) члена од редот на наставниците-практичари кои изведуваат настава по предметот македонски јазик во основните училишта или настава по предметот македонски јазик и литература во средните училишта.

**2. Членови на предметната работна група за државното тестирање по предметот математика:**

- еден член од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија;
- 5 (пет) члена од редот на наставниците-практичари кои изведуваат одделенска настава во основните училишта на македонски наставен јазик;
- 3 (три) члена од редот на наставниците-практичари кои изведуваат одделенска настава во основните училишта на албански наставен јазик;
- еден член од редот на наставниците-практичари кои изведуваат настава по предметот математика во основните или во средните училишта на македонски наставен јазик;
- еден член од редот на наставниците-практичари кои изведуваат настава по предметот математика во основните или во средните училишта на албански наставен јазик;

**3. Надворешни соработници - членови на предметната работна група за државното тестирање по предметот албански јазик:**

- еден член од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија;
- 8 (осум) члена од редот на наставниците-практичари кои изведуваат одделенска настава во основните училишта на албански наставен јазик;
- 2 (два) члена од редот на наставниците-практичари кои изведуваат настава по предметот албански јазик во основните училишта или настава по предметот албански јазик и литература во средните училишта.

**4. 4 (четири) надворешни соработници - оценувачи на тестови од државното тестирање по предметот македонски јазик за учениците од третото одделение во основните училишта**.

**5. 4 (четири) надворешни соработници - оценувачи на тестови од државното тестирање по предметот албански јазик за учениците од третото одделение во основните училишта**.

**6. 4 (четири) надворешни соработници - оценувачи на тестови од државното тестирање по предметот математика за учениците од третото одделение во основните училишта**, **и тоа: 2 (двајца) надворешни оценувачи на тестови од државното тестирање по предметот математика за учениците од третото одделение во основните училишта на македонски наставен јазик и 2 (двајца) надворешни оценувачи на тестови од државното тестирање по предметот математика за учениците од третото одделение во основните училишта на албански наставен јазик.**

**II. Услови што треба да ги исполнуваат кандидатите кои конкурираат на Јавниот конкурс.**

**а) Надворешните соработници – членови на предметните работни групи за државно тестирање треба да ги исполнуваат следниве услови:**

Кандидатите кои конкурираат за надворешни соработници - членови на предметните работни групи за државното тестирање (глава I, точка 1, точка 2 и точка 3 од Јавниот конкурс) **од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија** треба да ги исполнуваат следните услови:

- да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија од соодветниот предмет, односно соодветната област;
- да имаат најмалку 5 години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност;
- да имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се во функција за соодветната област.

Кандидатите кои конкурираат за надворешни соработници - членови на предметните работни групи за државното тестирање (глава I, точка 1, точка 2 и точка 3 од Јавниот конкурс) **од редот на наставниците-практичари кои изведуваат одделенска настава во основните училишта** треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област (професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС/дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС);
- да се од редот на стручните лица – наставници кои изведуваат одделенска настава во основните училишта во Република Северна Македонија на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик;
- да имаат најмалку 3 години работно искуство во настава на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик.

Кандидатите кои конкурираат за надворешни соработници - членови на предметните работни групи за државното тестирање (глава I, точка 1, точка 2 и точка 3 од Јавниот конкурс) **од редот на наставниците – практичари кои го предаваат соодветниот наставен предмет во основните/средните училишта** треба да ги исполнуваат следните услови:

- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на стручните лица – наставници кои го предаваат соодветниот наставен предмет во основните/средните училишта во Република Северна Македонија на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик;
- да имаат најмалку 3 години работно искуство во настава на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик.

**б) Надворешните соработници – оценувачи на тестови од државното тестирање треба да ги исполнуваат следниве услови:**

Кандидатите кои конкурираат за **надворешни соработници - оценувачи на тестови од државното тестирање** (глава I, точка 4, точка 5 и точка 6 од Јавниот конкурс) треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област (професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС/дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС);
- да се од редот на стручните лица – наставници кои го предаваат соодветниот наставен предмет во основните/средните училишта во Република Северна Македонија на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик;
- да имаат најмалку 3 години работно искуство во настава на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик.

**III. Задолжителна документација што треба да ја достават кандидатите кои конкурираат на Јавниот конкурс.**

**а) Надворешните соработниците – членови на предметните работни групи за државно тестирање задолжително ја доставуваат следнава документација:**

Кандидатите кои конкурираат за надворешни соработници - членови на предметните работни групи за државното тестирање (глава I, точка 1, точка 2 и точка 3 од Јавниот конкурс) **од редот на наставно-научниот и**

**<u>стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија</u> задолжително ја доставуваат следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.мк);
- копија од уверението/дипломата за завршени академски студии од втор циклус од соодветната област, заверена на нотар;
- потврда за заснован редовен работен однос како дел од наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија од соодветниот предмет, односно соодветната област;
- потврда за најмалку 5 (пет) години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност;
- копија од првата страница од објавените стручни, односно научни трудови кои се во функција за соодветната област.

Кандидатите кои конкурираат за надворешени соработници - членови на предметните работни групи за државното тестирање (глава I, точка 1, точка 2 и точка 3 од Јавниот конкурс) **<u>од редот на наставниците-практичари кои изведуваат одделенска настава во основните училишта</u>** задолжително ја доставуваат следнава документација:

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.мк);
- копија од уверението/дипломата за завршени академски студии од прв циклус од соодветната област, заверена на нотар (професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС/дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС);
- потврда дека се од редот на стручните лица-наставници од соодветниот наставен предмет во основните/средните училишта во Република Северна Македонија кои предаваат на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик;
- потврда за најмалку 3 (три) години работно искуство во настава на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик.

Кандидатите кои конкурираат за надворешени соработници - членови на предметните работни групи за државното тестирање (глава I, точка 1, точка 2 и точка 3 од Јавниот конкурс) **<u>од редот на наставниците – практичари кои го предаваат соодветниот наставен предмет во основните/средните училишта</u>** задолжително ја доставуваат следнава документација:

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.мк);
- копија од уверението/дипломата за завршени академски студии од прв циклус од соодветната област, заверена на нотар;
- потврда дека се од редот на стручните лица-наставници од соодветниот наставен предмет во основните/средните училишта во Република Северна Македонија кои предаваат на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик;
- потврда за најмалку 3 (три) години работно искуство во настава на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик.

**б) надворешните соработници – оценувачи на тестови од државното тестирање задолжително ја доставуват следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.мк);
- копија од уверението/дипломата за завршени академски студии од прв циклус од соодветната област, заверена на нотар (професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС/дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС);
- потврда дека се од редот на стручните лица-наставници од соодветниот наставен предмет во основните/средните училишта во Република Северна Македонија кои предаваат на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик;
- потврда за најмалку 3 (три) години работно искуство во настава на македонски наставен јазик, односно на албански наставен јазик.

За кандидатите пријавени за надворешни соработници - членови на предметните работни групи за државното тестирање (глава I, точка 1, точка 2 и точка 3 од Јавниот конкурс) кои ги исполнуваат условите наведени во Јавниот конкурс ќе се спроведе интервју, по што ќе биде извршен конечниот избор.

За кандидатите пријавени за надворешни соработници - оценувачи на тестови од државното тестирање (глава I, точка 4, точка 5 и точка 6 од Јавниот конкурс) кои ги исполнуваат условите наведени во Јавниот конкурс ќе се организира обука, по што ќе следи проверка на способноста и прецизноста на кандидатите при оценувањето. Кандидатите кои не присуствувале на обуката не се земаат предвид во понатамошната постапка.

Кандидатите кои ќе бидат избрани ќе бидат ангажирани за период од 3 (три) години, сметано од денот на склучувањето на договорите за ангажирање.

Изборот на надворешните соработници се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар.

Конкурсот трае заклучно со ден 29.11.2024 година.

Пополнетата пријава со потребната документација се доставува ИСКЛУЧИВО ПО ПОШТА со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака „За јавен конкурс за надворешни соработници – членови на предметните работни групи за државното тестирање“, односно со назнака „За јавен конкурс за надворешни соработници – оценувачи на тестови од државното тестирање“, во зависност од видот на надворешни соработници за кои конкурираат кандидатите.

Нема да бидат разгледувани следниве пријави:

- пријавите доставени по истекот на предвидениот рок;
- нецелосно пополнетите пријави;
- пријавите кон кои не е доставена предвидената документација;
- пријавите кои не се доставени по пошта со препорачана поштенска пратка.

Дополнителни информации за конкурсот можат да се добијат на телефонскиот број 075 258 862, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ